Датум:

30.01.2015

**О Д Л У К А**

**На Комисијата за жалби, при Советот за етика во медиумите во Македонија (СЕММ), по Жалбата на Народниот правобранител за текстот во Интернет - порталот Република со наслов “Кристијано Роналдо запишан во прво одделение (фото)”, објавен на 25.11.2014 година; текстот со наслов “ФОТО: Кристијано Роналдо е од Шутка – фотографијата која ја изнасмеа Македонија” објавен на Интернет - порталот Прес24 на 25.11.2014 година; текстот со наслов “ФОТО: Доказ дека Кристијано Роналдо е од Шутка” објавен на Интернет - порталот Курир на 25.11.2014 година; текстот со наслов “Фото: Роналдо се запиша во прво одделение” објавен на Интернет - порталот Пулс24 на 25.11.2014 година, но и на неколку други забавни и локални портали**

**П Р Е Т С Т А В К А Т А Е О С Н О В А Н А**

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 7, 9 и 10.

Член 7.

*“Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста. Освен кога тоа е во спротивност со јаниот интерес. Новинарот е должен да ја почитува личната болка и жалост.”*

Член 9.

*“Новинарот не смее да интервјуира или фотографира деца под 16 години без согласност од родителите или старателите, освен ако тоа не е во согласност со правата на детето.”*

Член 10.

*“Новинарот нема свесно да создава ниту да преработува инфомации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација врз која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...).”*

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

До Канцеларијата на Советот за етика во медиумите на Македонија со Жалба се обрати заменик - народниот правобранител Васка Б. Мустафа и истакна дека текстот во Република со наслов “Кристијано Роналдо запишан во прво одделение (фото)”, објавен на 25.11.2014 година; текстот со наслов “ФОТО: Кристијано Роналдо е од Шутка – фотографијата која ја изнасмеа Македонија”, објавен на Интернет - порталот Прес24 на 25.11.2014 година; текстот со наслов “ФОТО: Доказ дека Кристијано Роналдо е од Шутка” објавен на Интернет - порталот Курир на 25.11.2014 година; текстот со наслов “Фото: Роналдо се запиша во прво одделение” објавен на Интернет - порталот Пулс24 на 25.11.2014 година, но и на неколку други забавни и локални портали содржат извадок од евидентниот лист од основното училиште на ученик кој е запишан во прво одделение во учебната 2014/2015 година и дека тоа се написи во кои со ироничен тон се исмејуваат припадниците на ромската задница, односно медиумите со објавувањето создаваат испревртена слика за Ромите во однос на имињата кои ги даваат на своите деца.

Канцеларијата на Советот за етика во медиумите на Македонија веднаш по приемот на Жалбата, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, истата ја препрати до горенаведените Интернет - портали. Во предвидениот рок, одговор

единствено испрати главниот и одговорен уредник на Интернет - порталот Пулс24, Емилија Велиновска. Во својот одговор уредничката Велиновска наведува дека станува збор за преземена содржина, а фотографијата е преземена од социјалната мрежа Фејсбук. Велиновска, понатаму, наведува дека во секој случај направен е ненамерен пропуст, без никаква намера за навредување. Потоа, вели Велиновска, нивната политика на работење не вклучува навреда или, како во случајов, испревртување на сликата за Ромите. Токму поради тоа досега тие не се соочиле со слични проблеми, па се надеваат дека и во иднина нема да се повтори. Велиновска се извини за, како што вели, ненамерниот пропуст и соопшти дека, доколку е потребно, и јавно ќе се извинат на нивниот портал. Уредничката ја извести Комисијата за жалби дека содржината веќе е отстранета од Пулс24.

На седницата на 30.01.2015 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот, заменикот - народен првобранител Васка Б. Мустафа, како и на главниот и одговорен уредник на Пулс24 Емилија Велиновска и направи увид во сите наведени текстови.

Комисијата за жалби најде дека Жалбата по однос на сите текстови е ОСНОВАНА.

Во согласност со член 7 од Кодексот на новинарите на Македонија, новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста. Освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Новинарот е должен да ја почитува личната болка и жалост.

Во согласност со член 9 од Кодексот, новинарот не смее да интервјуира или фотографира деца под 16 години без согласност од родителите или старателите, освен ако тоа не е во согласност со правата на детето.

Во согласност со член 10, новинарот нема свесно да создава ниту да преработува инфомации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација врз која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...).

Комисијата за жалби најде дека објавените текстови не изнесуваат содржини од јавен интерес, туку, напротив, се прави дискриминација на дете од ромска националност. Комисијата утврди дека е повреден член 7 од Кодексот на новинарите на Македонија, бидејќи информации за приватниот живот на одредена личност можат да бидат објавени само доколку однесувањето на таа личност во приватниот живот има влијание на јавниот интерес. Во такви ситуации треба да се провери дали објавувањето на информацијата би можело да загрози некоја друга личност. Во овој случај, Комисијата смета дека гореспоменатите Интернет - портали објавуваат приватна исправа на малолетник без притоа да бидат свесни дека можат да нанесат штета на личниот живот на ученикот споменат во конкретниот случај. Нечие име и презиме во никој случај не треба да биде коментирано или споменувано во ниту еден контекст бидејќи името и презимето е човеково право.

Но, Интернет - порталите одат и чекор понатаму. Спротивно на член 9 објавуваат информации без согласност од родителите или старателите. Потсетуваме дека третирањето на децата во медиумите, освен во новинарскиот Кодекс, е регулирано и со Конвенцијата на ООН за правата на детето, како и со општоприфатените стандарди кои наложуваат дека е строго забрането манипулирање со детските емоции, инсистирање на повторно преживување на траумата и објавување на идентитетот на детето.

Комисијата за жалби најде и дека Интернет - порталите го повредиле и член 10 од Кодексот, каде се вели дека новинарот нема свесно да создава ниту да преработува инфомации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата. Во конкретниот случај, Интернет - порталите објавиле материјал (информација, слика, мислење, коментар) која може да предизвика непријателство и омраза кон некого поради неговата раса, етничка припадност, пол, вера, политичка припадност, сексуална ориентација, физички недостаток итн.

Во согласност со овие наоѓања, Комисијата за жалби едногласно одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски и Филип Ѓурчиновски.

**Се обврзуваат Република, Прес24, Пулс24 и Курир, во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објават одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Комисија за жалби при СЕММ

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски